# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ
**За период јануари - декември 2022 година**

АЛКАЛОИД АД Скопје, во периодот јануари-декември 2022 година оствари позитивни финансиски резултати, искажани во неревидираните единечен и консолидиран биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2022 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот јануари-декември 2022 година изнесуваат 11.564.455 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2021 година бележат раст од 15%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 91%, имаат приходите остварени со продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2021 година бележат раст од 10%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот јануари-декември 2022 година изнесуваат 15.349.814 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2021 година бележат раст од 16%. Во структурата на вкупните приходи, најголемо учество, 93%, имаат приходите остварени со продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2021 година бележат раст од 12%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот јануари-декември 2022 година изнесуваат 10.031.327 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2021 година бележат раст од 16%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот јануари-декември 2022 година изнесуваат 13.706.047 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2021 година бележат раст од 17%.

**Дивиденда**

На 4 април 2022 година, на Годишното собрание на акционерите, е одобрена пресметка и исплата на бруто-дивиденда за 2021 година, во износ од 629.795 илјади денари, односно 396 денари нето за една акција што во однос на исплатената дивиденда по акција за 2020 година од 360 денари нето е поголема за 10%.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот јануари-септември 2022 година изнесуваат 1.474.213 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2021 година бележат раст од 24%.

**Обврски по основа на кредити**

Вкупните консолидирани обврски по основа на кредити на 31.12.2022 година изнесуваат 1.489.667 илјади денари.

**Вработени**

Во периодот јануари-декември 2022 година во АЛКАЛОИД АД Скопје се реализирани 187 нови вработувања во Р.С.Македонија. Со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, во март 2022 година е одобрен и исплатен регрес за користење годишен одмор за вработените во компанијата во висина од нето износ од 30.000 денари. Во декември 2022 Управниот одбор по повод новогодишните и божиќни празници, одобри исплата на новогодишен надоместок за вработените во нето износ од 31.000 денари. Групацијата АЛКАЛОИД брои 2.617 вработени, од кои 2.019 се во земјата, а 598 се вработени во подружниците во странство.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот јануари-декември 2022 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

**(Во 000 Ден)**

| | 2022 | | 2021 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **22/21** |
| Домашен пазар | 3.142.726 | 30 | 3.122.591 | 33 | 101 |
| Странски пазар | 7.395.504 | 70 | 6.437.164 | 67 | 115 |
| **Вкупно:** | **10.538.230** | **100** | **9.559.755** | **100** | **110** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

**(Во 000 Ден)**

| | 2022 | | 2021 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **22/21** |
| **Домашен пазар** | **4.594.347** | **32** | **4.440.652** | **35** | **103** |
| Југоисточна Европа | 4.331.373 | 30 | 4.094.400 | 32 | 106 |
| Источна Европа (ЗНД, УКР, ...) | 2.268.295 | 16 | 1.647.457 | 13 | 138 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 2.926.375 | 21 | 2.494.739 | 19 | 117 |
| Други земји | 168.661 | 1 | 116.932 | 1 | 144 |
| **Вкупно странски пазари** | **9.694.704** | **68** | **8.353.528** | **65** | **116** |
| **Вкупно:** | **14.289.051** | **100** | **12.794.180** | **100** | **112** |

Од вкупните консолидирани продажби, 68% се остварени на странските пазари. Најголем пораст кај извозните пазари бележат продажбите остварени во земјите од Источна Европа (раст од 38%) и во земјите од Западна Европа (раст од 17%).

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

(Во 000 Ден)

| | 2022 | | 2021 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Групи на производи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **22/21** |
| Антибиотици | 3.335.386 | 23 | 2.701.945 | 21 | 123 |
| ОТЦ препарати | 2.634.376 | 18 | 2.527.441 | 20 | 104 |
| Кардиолошки препарати | 1.877.025 | 13 | 1.759.941 | 14 | 107 |
| Невролошки препарати | 1.871.427 | 13 | 1.695.852 | 13 | 110 |
| Други линии | 1.288.030 | 9 | 1.024.590 | 8 | 126 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **11.006.244** | **77** | **9.709.769** | **76** | **113** |
| Трговска стока | 1.538.831 | 11 | 1.447.903 | 11 | 106 |
| Услуги и останати приходи | 59.090 | 0 | 79.891 | 1 | 74 |
| **Вкупно Фармација** | **12.604.165** | **88** | **11.237.563** | **88** | **112** |
| **Вкупно Хемија** | **362.627** | **3** | **330.989** | **3** | **110** |
| **Вкупно Козметика** | **1.020.711** | **7** | **973.371** | **8** | **105** |
| **Вкупно Билкарство** | **301.548** | **2** | **252.257** | **2** | **120** |
| **Вкупно:** | **14.289.051** | **100** | **12.794.180** | **100** | **112** |

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

(Во 000 Ден)

| | 2022 | | 2021 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **22/21** |
| Единечна ЕБИТДА | 2.381.036 | 23 | 2.190.776 | 23 | 109 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 2.537.702 | 18 | 2.302.590 | 18 | 110 |

**Нето добивка**

(Во 000 Ден)

| | 2022 | | 2021 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **22/21** |
| Единечна Нето добивка | 1.411.543 | 13 | 1.281.406 | 13 | 110 |
| Консолидирана Нето добивка | 1.463.421 | 10 | 1.304.960 | 10 | 112 |

Остварената единечна нето-добивка во 2022 година изнесува 1.411.543 илјади денари и во споредба со остварената во 2021 година бележи зголемување за 10%.

Остварената консолидирана нето-добивка во 2022 година изнесува 1.463.421 илјади денари и во споредба со остварената во 2021 година бележи зголемување за 12%.

**Бизнис-план за 2023 година**

Бизнис-планот за 2023 година, донесен со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, на Седницата одржана на 29.12.2022 година, предвидува инвестирање на околу 11% од консолидираните приходи од продажби во материјални и во нематеријални средства, раст од 10% на консолидираните продажби во однос на 2022 година, како и раст од 7% на консолидираниот профит пред оданочување во однос на 2022 година.

Бизнис-планот за 2023 година е базиран на очекувањата, проекциите и на можностите на тековните и на новите пазари и производи, достапни за компанијата во моментот на изготвување на планот. Околностите и настаните во 2023 година, а со тоа и остварените резултати, може да варираат од прикажаните во Бизнис-планот.

**Очекувања за претстојниот период**

Во изминатиот период друштвото се соочи со голем број интерни и екстерни предизвици и нововостанати ризици, генерирани од пандемијата на КОВИД-19 како и од енергетската и економската криза. Презедовме голем број мерки во досегашниот период, со цел неутрализирање на сите негативни ефекти, без притоа да се загрози здравјето на вработените и успешното работење на друштвото.

Во согласност со очекувањата, уште во текот на минатата година здравствената криза се претвори и во економска, а со тоа се појавија и нови предизвици во работењето. Она што како тренд започна во 2021 година и доминираше и во 2022 година е забележителниот раст на цените на голем дел од влезните суровини и материјали, енергенсите, како и порастот на цените на транспортот на глобално ниво, а особено и значителните пролонгирања на роковите за испорака. Сето ова влијае и на стапката на инфлацијата што веројатно како тренд ќе биде уште понагласен во периодот што следи.

Како најголем предизвик и прв приоритет за периодот што доаѓа и понатаму останува грижата за здравјето на вработените, како и одржувањето на тековната ликвидност, на финансиската стабилност и остварување на планските цели.